*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 64 став 5 од од Деловникот на Собранието на Република Македонија (,,Службен весник на Република Македонија,, бр. 91/08, 119/10, 23/13 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија,, бр. 152/19) и член 23 став 4 од Законот за заштита на лични податоци (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/18,) во врска со чл.10 ст.2 алинеја 3 од Правилникот за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци („Сл.весник на РМ“ бр. 38/09 и 158/2010), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија ја донесе следната:

# П Р О Ц Е Д У Р А

**за определување на обврските и одговорностите на службеник-помошник информатичар кој го администрира информацискиот систем на Собранието на Република Северна Македонија и на овластените лица при пристапувањето до документите и информатичко-комуникациската опрема**

1) Со оваа процедура се пропишуваат обврските и одговорностите на службеник - помошник информатичар кој го администрира информацискиот систем на Собранието на Република Северна Македонија и на овластените лица при пристапувањето до документите и информатичко комуникациската опрема, а со цел да се обезбеди тајност и заштита на обработката на личните податоци во Собранието на Република Северна Македонија кој согласно Законот за заштита на личните податоци има својство на контролор на лични податоци.

2) Одделни изрази употребени во оваа процедура го имаат следново значење:

1. **Авторизиран пристап** е овластување доделено на овластеното лице за обработка на личните податоци, за користење на одредена информатичко комуникациска опрема или за пристап до одредени работни простории во Собранието на Република Северна Македонија;
2. **Администратор** на информацискиот систем е службеник-помошник информатичар во секторот за ИКТ, кој е овластен за планирање и за применување на технички и организациски мерки, како и за контрола на обезбедувањето тајност и заштита на обработката на личните податоци;
3. **Документ** е секој запис кој содржи лични податоци и истиот може да биде во електронска или хартиена форма, да се чува на медиум и во информатичко комуникациската опрема која се користи за обработка на податоците, да се доставува преку пошта или да се пренесува преку електронско комуникациска мрежа.
4. **Информатичка инфраструктура** е дел од информатичко комуникациска опрема во Собранието на Република Северна Македонија, во рамките на која се собираат, обработуваат и чуваат личните податоци;
5. **Информациски систем** е систем со кој може да се обработуваат личните податоци со цел да бидат достапни и употребливи за секој кој што има право и потреба да ги

користи;

6. **Овластено лице** е лице вработено во Собранието на Република Северна Македонија кое има авторизиран пристап до документите и до информатичко комуникациската опрема.

Изразите кои не се дефинирани во оваа точка го имаат истото значење утврдено со прописите за заштита на личните податоци.

3) Службеник-помошник информатичар кој го администрира информацискиот систем на Собранието на Република Северна Македонија и овластените лица кои имаат пристап до личните податоци во документите и до информатичко-комуникациската опрема, ги имаат следните обврски и одговорности:

1. Службеник-помошник информатичар е должен да се придржува до сите правила и процедури востановени со донесените интерни акти на Собранието на Република Северна Македонија;

2. Службеник-помошник информатичар е должен да ги применува сите мерки за физичка безбедност на просториите каде се наоѓа информацискиот систем на Собранието на Република Северна Македонија;

3. Овластените лица се должни веднаш да пријават кај службеник-помошник информатичар кој ги администрира информациските системи секакво сознание до кое дошле директно или индиректно, а може да укажува дека постои ризик од нарушување на системот за тајност и заштита на обработката на личните податоци во Собранието на Република Северна Македонија, било да се работи за надворешен или за внатрешен ризик;

4. Овластените лица не смеат да ја прекршуваат преземената обврска за доверливост и сигурност, со која се обврзуваат дека секој податок до кој ќе дојдат во текот на работењето во Собранието на Република Северна Македонија, а кој спаѓа во категоријата на личен податок согласно Законот за заштита на личните податоци, ќе го чуваат како доверлив и нема да го пренесуваат, оддаваат, ниту на друг начин ќе го ставаат на располагање на било кое друго лице и во било која форма, надвор од системот на пропишани и воспоставени технички и организациски мерки според кои се врши обработката на личните податоци.

4) Секое овластено лице е одговорно за соодветна примена на интерните акти во Собранието на Република Северна Македонија со кои се уредува заштитата на личните податоци, а воедно и одговорно доколку како последица на прекршување или непочитување на некои од поставените мерки, биде загрозена тајноста на личните податоци што се обработуваат во Собранието на Република Северна Македонија или пак доколку дојде до нивна злоупотреба.

Под загрозување на тајноста на личните податоци се подразбира случајно или намерно постапување, непостапување или пропуштање од страна на вработените во Собранието на Република Северна Македонија, како резултат на што се создаваат услови или можност да дојде до злоупотреба на личните податоци што се обработуваат во Собранието на Република

Северна Македонија. Во ваков случај ќе се смета дека тајноста на личните податоци е загрозена, без оглед на тоа дали дошло или не до нивна злоупотреба.

5) Во случај на било какво прекршување или непочитување на кој било пропис или интерен акт од страна на службеник-помошник информатичар кој го администрира информацискиот систем или од страна на овластените лица при пристапување до документите и информатичко комуникациската опрема, непосредно претпоставениот државен службеник спроведува постапка за испитување на причините, начинот и последиците од таквото прекршување, односно непочитување, заради спречување на настанување на слично прекршување или непочитување во иднина. Истовремено, непосредно претпоставениот државен службеник ќе спроведе постапка за утврдување на одговорност и соодветно санкционирање на службеник односно на овластеното лице, за што се донесува соодветна одлука заснована на закон.

6) Со денот на објавување на оваа процедура престанува да важи Процедурата за определување на обврските и одговорностите на службеник-помошник информатичар кој го администрира информацискиот систем на Собранието на Република Македонија и на овластените лица при пристапувањето до документите и информатичко-комуникациската опрема донесен бр.01-5064/2 од 22.12.2016 година.

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на веб страната на Собранието на Република Северна Македонија.

Број 01-5620/1

Датум 22.10.2019

Генерален секретар на Собранието на
Република Северна Македонија

Цветанка Иванова

Изработил: Ј.Трпкова Ќурапова
Ц. Најдески
Согласен: М. Нецев
Контролирал: Д. Мојсоски